СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 октомври 1995 година

Скопје, октомври 1995 година

**ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 26-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНО НА 20 ОКТОМВРИ 1995**

Дневен ред: амандманска расправа по текстот на Предлогот на Законот за локална самоуправа

1.АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 59
2. АРСОВСКИ БРАНКО – 62, 65
3. БЕЛИЧЕВ ЉУПЧО - 32, 41
4. ВАНГЕЛОВ АТАНАС - 81
5. ГОШЕВ ТУШЕ - 25
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 35, 84.
7. ЗИБЕРИ НАСЕР - 63
8. ИЛИЈЕВСКИ МИТКО - 68, 69
9. КАДРИУ ЗЕКИР - 43
10. КОЦЕВСКИ АЦЕ – 79, 30
11. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 18
12. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 57, 64
13. ОСМАНИ ПУФИ -17, 70, 71
14. ПОПОВСКИ НИКОЛА – 13 ,60
15. ПОПОВСКИ ВЛАДО -7, 10, 11, 16, 21, 25, 26, 42, 47, 49, 74, 80
16. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 24, 47
17. РАМАДАНИ ХИСЕН – 29, 73
18. РАМАДАНИ САЛИ - 9, 48, 72
19. РАМАДАНИ ШИСМЕТ - 15, 75
20. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 19, 82, 84
21. СИКОЛОВСКИ ЗДРАВКО - 67
22. ТАХИРИ МЕВЉАН 14, 23, 28, 55, 67, 78
23. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 47
24. ХАРУН СЕЈФЕДИН - 63
25. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 45, 58 69

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од првото продолжение на Дваесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 20 октомври 1995 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Стојан Андов, Киро Поповски, Џеладин Мурати, Љубисав Иванов, Ристо Трајков, Илинка Митрева, Славе Наумовски, Мерсел Биљали, Љупчо Мешков, Наум Симјановски, Јован Србиновски, Санде Џамбазовски, Иван Бојков, Јане Ангеловски и Панче Насев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ви предлагам да работиме до 16,30 односно до 17 часот без пауза, ако се согласувате.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот за локална самоуправа.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 61 став 1, за додавање нов член 61-а за префрлување на став 1 од член 67 како став 2 во член 75 и за бришење на став 2 и 3 на член 67 член 75 за бришење на став 2 и за додавање на два нови ставови. Член 77 став 2, член 90 за додавање нов став 3 и на член 91 за додавање нов став по став 1 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

I/2.- СП-ВБ

Владата на Република Македонија достави исправка на амандманот на член 91 за додавање нов став по ставот 1 кој ви е поделен.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандман член 23 за менување на став 4, член 40 став 1, член 53 точка 3, член 54 став 1, член 55 став 4, член 58 став 2, член 70 став 1 член 71 став 1 и 2, член 87 и на член 89 став 1 и 2 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 член 2 став 4, член 7 став 2,3,4 и 5, член 10 став 6 за бришеше на член 11 на член 13 за менување на член 17, член 18 став 1 точка 3,5, 7,19 и за менување на точка 22. Член 19 став 1, член 20 став 3, член 23 став 3, член 30 став 1 за менување на точките 1 и 2 и на точките 7 и 8, член 31, член 34 став 4 и за менување на став 5, член 35 став 3, член 38 став 4, член 39, член 40 став 1 и 2, член 41 став 1, член 42 став 3 и член 43, член 46 став 4, член 60, член 66, член 71 став 1, член 80 и на член 83 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 16 со кој не се согласил претставникот на Владата.

Пратеникот Ване Наумовски поднесе амандмани на член 16 член 18 став 1 точка 2, член 18 став 1 за додавање нова точка 28 по точката 27, член 22 став 1 и 2, член 30 став 1 точка 3, член 34 став 6, член 35 став 3 и на член 79 за додавање нов став 6 по ставот 5 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кире Видимче поднесе амандмани на член 23 став 4 член 25 став 1, член 31 став 1, член 48 за додавање нов став, член 54 став 1, член 55 за додавање нов став по ставот 2, член 61 став 1 и на член 77 за додавање нов став по ставот 1, а пратениците Мерсел

Биљали и Абдулади Вејсели поднесоа амандмани на член 4 став 3, член 18 за бришење на точка 16, член 18 точка 20, член 19 за додавање нова точка 5, член 23 став 2 и на член 59 став 3 по кои Владата не се произнела.

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот поднесе амандмани за бришење на член 17 и на член 18 став 1 за бришење на точка 19 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда поднесоа амандмани на член 10 за менување на став 2 и 3 и на став 4 за бришење на член 11 за менување на член 16, член 18 став 1 за додавање четири нови точки по точката 2, за бришење на член 19 на член 30 став 1 точка 4, член 62 став 1 за додавање нова алинеја во точка а), член 69 за менување на член 70 и на Глава XIV за менување на членовите 89,90 и 91 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати поднесоа амандмани за додавање нова глава 1-а по член 9, член 10 став 6, член 11, член 14, член 16 и за додавање нов став 2 по став 1, член 18, став 1, за додавање две нови точки 2-а и 2-6 на точка 3 и на точка 20 за бришење на член 19, член 20 став 1, член 28, член 31 став 1 и 2, член 42, член 55 за менување на ставот 4 со два нови става, член 61 за додавање нов став 2, член 62 став 1, за додавање нова точка по точката г) и за бришење на членовите 69,70,71 член 8 9 став 2, член 90 став 1 за менување на член 91 и за додавање два нови члена 91-а и 91-6, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за меѓунационални односи поднесе амандмани на член 14 за менување на член 16, член 28 став 1 за бришење на алинеја 5, член 39, член 41 став 1, член 62 став 1 за додавање нова алинеја по алинеја 1 и за додавање нова точка д) по точката г), член 89 за менување на став 2 и на член 91 по кои Владата не се произнела.

I/4.-

Пратеникот Хисни Шакири поднесе амандмани на член 89 став 2 и на член 91 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Слободан Даневски поднесе амандман на член 62 став 1 за менување на точка д) по кои Владата не се произнела.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член 1 член 8, член 10 став 6 за бришење на член 11, член 16 за менување на член 17, член 18 став 1 за менување на точка 1,3 и 22, за менување на член 21, член 22 став 5, член 23 став 2 и 3, член 24 став 3, член 26 став 3, член 29 став 1, член 30 став 1 за менување на точка 1, за додавање нова точка 6-а и за додавање нова точка 10-а. Член 31 став 1 и 2 за бришење на член 32, член 33 став 1 член 34 став 3, член 42 став 1, член 43, член 45 точка 6 за додавање нова точка 8-а и 9-а, член 47, член 48 за менување на став 2 и за додавање нов став 3, член 49 став 2 и 3, член 50, член 51 точка 3, член 53 точка 7 и точка 10, член 54 и за менување на став 3, член 59 став 3, член 61 за менување на став 1, член 67 за додавање нов став 2, член 69, член 70 став 2, член 71 став 2, член 75 за додавање нов став 2, член 76 за додавање нов став 2 за менување на член 77, член 79 за менување на став 3, член 81 став 1, член 88, член 90 и на член 96 за менување на став 1 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем поднесе амандмани на член 18 за додавање две нови точки 2-а и 2-б и за додавање нова точка 20-а, член 19 став 1, член 28 став 1, член 62 став 1 и на член 91 за додавање нов став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски и Слободан Најдов- ски поднесоа амандмани на член 31 став 1, 33 став 1,34 став 3,41 став 1 и 2, 42,43,44,48 став 2, член 28 став 1, член 41 став 1, член 48 став 1 и на член 83 за додавање нов став 2 по став 1 по кои Владата не се произнела.

I/5.-

Пратеникот Слободан Даневски поднесе амандмани на член 77 за бришење на став 2 за менување на член 78 и на член 89 став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандмани на член 4 став 3, член 11, член 13, член 18, став 1 точка 19 и 20, член 28, член 29 став 3 за бришење на член 33, член 45 став 1 за бришење на точка 9 и 10, член 46 став 4, член 54 став 1, член 55 став 4, член 69, член 70 став 1 и 2 и член 71 став 1 и 2, член 73 за бришење на членовите 74, 75,76,77 и 78, член 89 став 1 и 2 и на член 91 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на член 67 за бришење на став 3, амандман на став 3 на член 67 поднесе и Владата на Република Македонија и тој е составен дел на Предлогот на текстот на Законот.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани за додавање нов член 40-а за бришење на поднасловот г) и на членовите 41, 42, 43 и 44, член 45 за бришење на точка 10, член 54 став 1, член 55 за бришење на став 4, член 89 став 1 и 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Руфи Османи поднесе амандмани на член 1 за бришен на член 11, член 61 став 1, член 62 став 1 во точка а) за додавање нов став, член 91 став 1 за менување на називот на точка 4. по член 52, член 53 став 1, член 53 точка 5,6 и 9, член 54 став 1 и 4, член 54 став 3 и 4 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Хисни Шакири поднесе амандман на член 91 став 1 и за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Здравко Стојковски поднесе амандман на член 78, а пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда поднесоа амандмани на член 10 за менување на став 2,3 и 6 за бришење на член 11, за менување на член 16, член 18 став 1 за додавање четири нови точки по точка 2, за

бришење на член 19, член 30 став 1, точка 4, член 62 став 1, точка а) за додавање нова алинеја за менување на член 70 и за менување на членовите 89,90 и 91 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаров поднесе амандмани на член 18 став 1 за менување на точка 18 и на член 83 за додавање нова алинеја 6, а пратениците Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Аце Коцевски, Владимир Соколовски, Димитар Поповски и Владимир Станковски поднесоа амандмани на член 2 став 4, член 18 став 1 и точка 14, член 19 за додавање нов став 2 по став 1, член 61 став 1, член 62 став 1 за додавање нова точка ѓ) по точка д) и на член 98 за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Благој Стојковски поднесе амандман на член 54 став 4 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Беличев, Благоја Силјановски и Димитар Вревезовски поднесоа амандмани на член 18 став 1 за додавање точка 2-6 и на член 19 став 1 за бришење на точка 3 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Беличев, Благоја Силјановски и Димитар Вревезовски поднесоа амандмани на член 18 став 1 за додавање нова точка 2-а и на член 19 став 1 за бришење на точка 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Котлар поднесе амандман на член 54 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Аце Коцевски, Владимир Соколовски, Владимир Станковски поднесоа амандман на член 61 став 1 по кои Владата не се произнела.

Истовремено овие пратеници го повлекоа амандманот на член 61 став 1 поднесен под број 08-2922/47 од 19 октомври 19 95 година

Пратеникот Владимир Станковски поднесе амандман на член 4 9 став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес, молам за внимание, по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на, Владата да се произнесе. Господинот Османи го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 4 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Аце Коцевски, Владимир Соколевски, Димитар Поповски и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, нема потреба да се издвојвуаат општините од градот Скопје, бидејќи комплетно законот се однесува и за нив, а со законот за Скопје ќе се изземе само она што ќе биде во надлежност на градот Скопје.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 4 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски Аце Коцевски, Владимир Соколовски, Димитар Поповски и Владимир Станковски.

I/8.-

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3 поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Поповски.

**ВЛАД0 ПОПОВСКИ:**

Нема потреба од прифаќање на овој амандман напросто не се менува ништо суштински ако поимот Република се смени со поимот држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 3, поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Рамадани.

I/9.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Бидејќи не можам да ги бранам сите амандмани бидејќи некој се прифатени што значи дека предлагачот имал полно грешки, а уште некој кои се прифатени, а предложени од разни комисии пола од тие на посебен начин се прифатени, тоа не е мала работа, а да беа само мои амандмани сигурно ќе беа одбиени.

Што се однесува до овој амандман се работи за членот 4 знам дека е малку контрадикторен со самиот Устав, надзорот не би требало да биде регулиран на овој начин ние во свое време ќе бараме измена на Уставот. Надзорот би требало да се регулира на друг начин, а не како што ќе рече Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го пволекувате или не?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 3, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова Глава 1-а по член 9 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор г-динот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Нема потреба од таква посебна глава која би имала само еден член и би содржела еден елемент кој нема уставна основа, а станува збор за здружување и сите оние други амандмани кои под поимот здружување го врзуваат поимот заеднички органи. Тоа е неприфатливо со оглед на нашиот Устав.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нова глава 1-а по член 9 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмер Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 10, за менување на став 2 и 3 и на став 4 поднесен од пратениците Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа, бидејќи станува збор за втор степен на самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за менување на став 2 и 3 и на став 4 поднесен од пратениците Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за менување на став 2, 3 и 6 поднесен од пратениците Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Тој е ист со една додавка во последниот став и не се прифаќа.

Дали |некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 11 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за менување на став 2, 3 и 6 поднесен од пратениците Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 6 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. В

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Член 10, став 6, амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 11 поднесен од пратениците Зеќир Кадриу, Рами Туда и пратеникот Руфи Османи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Тоа е на член 11, да се брише член 11.

Да, се прифаќа бришење.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи се прифаќа. Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 13, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 14 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери, Џеладин Мурати и Комисијата за меѓунационални односи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се брише, а сакав само една реченица да кажам дека доколку би се усвоил, би значело дека секое село би можело да биде општина. Минимум услови се неопходни, а поимот да има инфраструктурни објекти определени. Инфраструктурни објекти и објекти на општествен стандард да се бришат е предлогот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не член 11 заврши. Тој се брише и тоа се прифати.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандман 4 на член 14. Тоа е сега предмет. Имено, член 11 се прифаќа за да се бриши тој ваш амандман се прифаќа.

Ве молам, овде имаме претрес по амандманот на член 14, поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери, Џеладин Мурати и Комисијата за меѓунационални односи.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа, бидејќи би значело да нема никакви критериуми при формирање на општина. Ќе има определени критериуми, но тие нема да бидат такви за да оневозможат формирање на нови општини

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Таири има збор.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Иако не ја спорам потребата да има одредени критериуми за формирање на нови општини, но во секој случај вака како што е даден во член 14, последниот пасос "да има изградено инфраструктурни објекти", мислам дека е прв став и упатува на тоа да за да може некое подрачје да претендира да стане општина треба да ги има изградено сите објекти. Е, ова упатува на тоа дека треба да ги има изградено инфраструктурните објекти. А инфраструктурни објекти се подразбира што значи, канализација, вода, струја, телефони и сите тие работи. Вака како што е напишан овој член би подразбирало дека и некои општини кои што се веќе со статус на општина треба да го изгубат тој статус. Во најмала мера тука треба да се ублажи овој член на начин: да има изградено минимална инфраструктура или нешто такво. Инаку, вака како што е дадено во законот "да има изградено инфраструктурни објекти", тоа е многу тврдо. Сметам дека создава можност за волонтаристичко толкување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

II/5

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Забуната која го доведе господинот Таири односно исказот и нас не доведе во заблуда, добар дел на пратеничката група од СДС не сфати претходно кој амандман е прифатен од министерот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прифатен е амандманот за бришење на член 11.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дали може да се даде образложение по ставот на Владата зошто е избришан и зошто мислиме дека е битна оваа одредница на Владата која сега ад хок го промени Законот дефакто во еден дел, да чуеме барем образложение зошто е прифатено.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот е напросто консумиран со амандманот на Владата пред да го достави пречистениот текст да го избрише членот 11, кој што гласеше вака: "единиците на локалната самоуправа не можат да формираат регионални, самоуправни заедници". Нема потреба од проста причина што е тоа уставно детерминирано и нема потреба во законски текст да се повтори тоа што е јасно со Уставот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Зад ова стојат и Законодавно - правната комисија и Комисијата за политички систем.

За збор се јави Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас само би сакал да се надоврзам на тоа што господинот Таири го бранеше мислам и како амандмани и така. Мислам дека премногу се тврди тие критериуми господине министре за формирање нова општина односно локална единица. Затоа. што по некои критериуми можат да се

формираат општини кои имаат помалку жители. Не мора да бидат како што се денес. И одредено село кое има жители,колку што има едно гратче денеска, утре треба да стане општина односно локална самоуправа, единица на локална самоуправа, од една запоставеност на. тие големи села односно населби нема комплетна инфраструктура. Сега ако одиме по тој критериум дека нема комплетирана инфраструктура и не може да биде единица на локална самоуправа, навистина, не држи да имаме такви критериуми.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Законот не создава основа за ригорозно ценење на инфраструктурата и објектите на општествениот стандард. Ако забележувате добро не се членувани поимите изградени инфраструктурни објекти, на пример, како и да има односно да ги има изградените инфраструктурни објекти и објектите на општествен стандард, тогаш се претпоставува некоја рамка која што еднакво ќе се применува. Може да се случи во многу месни заедници кои што поднеле барање за формирање на општина; да имаат во една месна заедница, или во една потенцијална општина еден број и определена структура на инфраструктурни објекти и определена структура на објекти од општествен интерес, а во другата да има други. Ќе се формира меѓуресорско тело, владино тело од повеќе министерства и служби републички кои што ќе направат критериуми во варијанти. На пример, може да се каже дека не може да се формира општина таму каде што нема никакви инфраструктурни објекти. Тоа е првото ниво. Или таму каде што има само асфалтен пат, на пример, меѓутоа ќе се направат опции на минимум инфраструктурни или на нужни, така да се каже нужен број, нужна структура на инфраструктурни објекти на општествен стандард во варијанти со испирување претходно на стварноста во Република Македонија. И со оценка дали тој број и таа структура што во еден број

на општини постои е доволна, а дали другиот број и другата структура или друг вид на објекти од општествен стандард што би постоеле во други општини, би бил доволен. Што значи дека членот создава обврска да мора да има еден определен, нужен број на инфраструктурни објекти од општествен интерес, а самата структура ќе ја определува односното меѓуресорско тело. Идејата е да може овој закон да овозможи создавање на поголем број општини во Република Македонија, да не претставува само, да речам, празно слово на хартија со сосема мали промени во реалноста на единиците на локалната самоуправа и на тој начин преку практичното применување да се дезавуира смислата на овој закон. Не е смислата на овој закон таква, ниту формулацијата од членот 14 оневозможува флексибилност на населените места или месните заедници кои што сакаат да прераснат во општина. Се разбира дека нема да се изгуби критериумот и нема да се отвори анархична пракса и комплетно непринципиелна пракса при основањето на тие општини.

Конечно само да споменам единицата на локалната самоуправа ќе се востановува со закон, што значи дека тој закон ќе дојде тука пред Собранието и кој што ќе биде еднаков по процедура на донесување во смисла на можни амандмани итн. Нема никој вон парламентот да решава за основање на која и да е основа тој напросто акт со кој се основа е закон а не подзаконски акт.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**РУФИ ОСМАНИ:**

Еве јас само накратко пошто потекнувам од изборна единица во која постојат населени места односно селски населби, кои навистина се многу големи и кои на жалост скоро нема ништо регулирано од инфрас-

труктурата и образложението што го даде министерот според мене ќе има негативно влијание од аспект на што? Од аспект на оневозможување на формирање на управни органи и тела, кои, да кажеме сите тие иницијативи кои ќе потекнуваат од тоа месно население ќе можат да го заокружат адекватно. Значи, не ќе можеме да имаме вработени лица кои по овие прашања, кои се многу актуелни, особено од аспект на водовод, канализација, од аспект на електрична енергија ПТТ мрежа и понатаму, сигурно дека и во иднина ќе има лошо влијание.

Ние имаме искуство во тие населби каде што имаме села со над пет илјади или осум илјади жители скоро општинските собранија односно центрите тотално не се заинтересирани или многу малку се грижат да им ги решат овие проблеми. Јас мислам дека би требало да се поддржи овој предложен амандман со тоа што ќе им овозможиме навистина на луѓето на локално ниво сите тие иницијативи преку своите органи и тела да можат да ги спроведуваат односно да ги реализираат во реалноста, како што тие имаат потреба и од што? И од своите пари кои тие ќе ги дадат преку тие извори на финансирање кои се предвидени во овој предлог на закон.

Јас сум за поддржување на овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Господин Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници, сакајќи да истераме некои свои права и свои желби, се плашам дека ќе дојдеме во ситуација да создадеме нешто што оваа Македонија и овие граѓани на Македонија ќе не може да го поднесат. Ние забораваме дека сме држава од само два милиони жители. Два милиони жители во секоја западна земја било да е тоа дел

од град или да е област има администрација од 200 до 400 лица. Ние на овој начин сега сакаме да создадеме барем двојно повеќе општини, што значи дека ќе создадеме огромна администрација, која што некој мора да ја издржува. Знаеме дека ниедна општина и последните општини, добар дел од нив сами не можат да се издржуваат. Ние немаме стопанство, немаме економија, немаме моќ кој што ќе може да издржи толкав број на администрација. Затоа, мислам дека ова решение што е понудено е добро, не ги затвора вратите за нови општините, меѓутоа не дозволува тоа во недоглед да се проширува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, почитуван министре, ако ние вчера во општиот претрес свесни сме дека овој закон за локална самоуправа треба да донесе поефикасна самоуправа што претполага;; и поголем број на единици на локална самоуправа, сметам дека не треба во старт со овој закон ние да го ограничуваме тоа право. Ако е така не ни треба закон, нека функционира оној што го имаме сега. Мислам дека сега овој што им треба да биде ублажен за да се даде можност за формирање на нови единици на локална самоуправа. Ваквата формулација на членот 14 може да значи априори во старт елиминирање на секоја заложба за нова единица на локална самоуправа. Дотолку повеќе што вистина е факт е дека имаме запоставеност на огромни населби, концентрација на населени места кои што можат да претставуваат идеални нови единици на локална самоуправа. Пред се,во смисла на ефикасно опслужување на граѓаните и од друга страна растеретување на она што значи од досегашните центри. Според тоа, сметам дека оваа формулација за обезбедена инфраструктура и општествен стандард без изграден критериум ја имаат

само сегашните општински центри. Според тоа и не би можеле да помислиме дека може да се создаде некоја нова единица на локална самоуправа. Затоа барам од министерот дополнително толкување или објаснување дали имаат размислувано што е тоа минимум инфраструктура и објекти на општествен стандард кои што треба да бидат предуслов за формирање на нови единици на локална самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 14, поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери, Џеладин Мурати и од Комисијата за меѓунационални односи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување член 16 поднесен од Комисијата за меѓунационални односи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот. Предлага поим изјаснување, а не консултирање. Поимот битно би го променил членот, не е тоа само јазично прашање, бидејќи постојат референдуми кои што се консултативни, а не резолутивни и од тие причини мислам дека, не мислам туку стојам на тоа дека треба да остане поимот консултирање, што е опфатен и во Повелбата на Советот на Европа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

Пет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 16 поднесен од Комисијата за меѓунационални односи.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 16 поднесен од пратениците Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

III/2

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Осум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 16 поднесен од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Ламбе Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи ја брише и консултацијата

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

Четворица пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 16 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Ист е како и одбиените, амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (никој) дури ни членовите на Комисијата.

Ниту еден глас.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на член 16 и за додавање нов став по став 1 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа, и овој е сличен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? Господин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Бидејќи во овој закон се констатираат едни основни предуслови кои што ќе се имаат во предвид односно некои критериуми при формирање односно основање на нови општини, сметам дека, како прво, иако Владата има поднесено амандман и предвидува како ќе се изврши таа консултација на населението односно на референдум или собир , сметам дека, бидејќи се работи за важно прашање, обавезно тоа мора да се одвива по пат на референдум.

Втора работа што ја предлагаме во врска со овој член е да се додаде нов став кој што ќе оневозможи да настанат нарушувања на меѓунационалните односи со евентуални територијални поделби при

кои би се променила националната структура на одредено подрачје на кој што ќе се формира некоја општина.

Да појаснам што сакам да кажам со ова. На пример ако се формира општина во некое подрачје во Тетово каде што сега службен јазик поради статусот на општината односно таа локална заедница е и албанскиот јазик, со формирање на нова општина каде што мнозинството би биле македонци, додека населението кое што би се приклучило кон ова подрачје би можело да биде и испод 20 или испод 50 и со тоа овие граѓани би го изгубиле статусот што моментално го имаат, во овој момент. Токму ова е целта на овој амандман за да спречи такви непожелни импликации кои што би настанале со формирање на нови општини, одредена категорија на граѓани ќе изгубат статус на јазик кој што го имаат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Десет пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 и за додавање нов став по став 1 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 17 поднесен од постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-дин Поповски.

III/5

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа овој амандман. Насловот на комисијата упатува на тоа дека практично има идеја да брише член со кој правата на граѓаните на локална самоуправа се потенцирани, зајакнати во случаите кога некое прашање не е ставено во надлежност на ниедна власт, а е од локален карактер да можат со статут општините да го преземат како своја надлежност.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Со овој член се дава право на единиците на локалната самоуправа да преземаат активности, но не се знае какви и кои за работи од локален карактер кој не се исклучени од нивната надлежност, а не се ставени во надлежност на друга власт. Имено, нејасно е дали можат овие органи во склопот на таквите активности да преземаат и извршување на прописи за кои не се изрично овластени, а надлежноста за спроведување на таквиот пропис исто така не е ставена во изрична надлежност на некој друг орган. Ако е ваква интенцијата на законодавецот тоа би значело утврдување на така наречена генерална клаузула за надлежност на општината во спроведувањето на законите и другите прописи која постоеше уште со уставот од 197 4 година Меѓутоа, во новиот устав на РМ прифатена е спротивна клаузула на одговорноста за извршување на законите и другите прописи на Собранието.

Согласно член 91 став 1 алинеја 1 од Уставот на РМ за извршување на законите и другите прописи на Собранието е одговорна Владата на РМ. Па од тука, мислам дека овој член е директно во спротивност со член 91 став 1 од Уставот на РМ. Штитењето на слободите и правата на граѓаните е уставноста и законитоста, Уставот почитувањето на уставот и законитоста е инструмент за заштита на тие слободи и права.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Погрешно се чита, разбира и толкува. Се чита погрешно затоа што точно е определено дека станува збор за можност на ген рирањето, на генерирање на прашања како надлежности, на работи како надлежности на локалната самоуправа доколку се од локален карактер а притоа не се ставени во надлежност на ниедна друга власт.

Советот за Европа, да ве информирам, сметаше дека издвојувањето на членот 17 од членот 18 е најзначајното издвојување и ја одразува суштински и директно смислата, идејата на локалната само-управа, а тоа го има искажано во Европската повелба укажувајќи дека надлежностите на локалната самоуправа се утврдуваат со Устав и со статут. Законот не постои. Па вика, што не значи дека со закон не може да бидат негирани надлежности на локална самоуправа, но во однос на нив, тоа се државни надлежности, државниот орган врши комплетен управен надзор.

Изворните надлежности што може да бидат одлика на суштината на локалната самоуправа се уставни или статутарни. И, конечно, препораката , значи е спротивно на повелбата , препораката од член 4 точка 2. Локалните власти во границите на законот имаат пополно дискреционо право да спроведуваат свои иницијативи во врска со работите кои не се исклучени од нивната надлежност и да генерираат надлежности кои што не се ставени во надлежност на некоја друга власт под претпоставка да се од локален карактер. Значи, заради тоа и не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Тројца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 17 поднесен од постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 точка 2 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

Четворица пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 точка 2 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за додавање две нови точки 2-а и 2-б на точка 3 и на точка 20 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

III/7

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Иако е сосема јасно дека со концептот кој што е изграден од страна на предлагачот овие предлози кој што се обидуваме да ги убедиме пратениците да ги прифатат, тешко дека ќе најдат поддршка од страна на предлагачот, а и пратениците во секој случај сакам да укажам на неколку моменти кои што според мене се битни и тоа не од поглед на меѓунационалните односи, туку од поглед на концепцијата на законот што е предложен.

Имено, уште вчера нагласив, дека според мене овие надлежности кои што се од член 115 став 1 наброени а со став 2 се определени како надлежности кои што општината ги врши самостојно, иако министерот објаснување дека единствено локалната самоуправа само учествува во овие прашања , сметам дека вака како што е дадено тие не можат самостојно да одлучуваат. И тоа мислам дека е многу јасно од ова што е предложено. Според тоа, овие измени кои што ги предлагаме, сметајќи дека се точно прашања кои што се од локален интерес за граѓаните со овие измени што ние ги предлагаме сметаме дека ќе им се овозможи на општините минимум надлежности во овие области. И ова се подразбира дека сигурно урбанистичкото уредување на населбите и подрачјата каде што живеат граѓаните, сигурно се едни од најбитните прашања од локален интерес и не гледам тука никаква причина државата да држи таква контрола врз овие области.

Втората работа која што исто така јас сметам дека треба да се укаже тука, кога станува збор за прашањата кои што ние ги покренуваме односно областите како што е културата, спорт, претшколско образование, основно образование, социјална заштита и сите тие прашања не подразбираат апсолутно право на локалната самоуправа да

ги врши овие работи како што од страна на г-динот министер вчера беше кажано апсолутна автономност туку подразбира минимално учество во вршењето на овие работи. И, тоа минимално учество, според мене односно според нас кои што сме предлагачи на овие амандмани подразбира да во обласга на културата општината се грижи односно одлучува по прашања на архивите, библиотеките музеите кои што се од значење за општината, споменицитe за културата за општината, театрите, културните домови кои што се од интерес за општината или пак за претшколското или за основното образование не да се занимава за таа висока политика на образованието и да ги прават плановите и програмите туку токму да се грижи за условите кои што ќе треба да ги обезбеди за граѓаните да се одвива процесот на образование во поглед на мрежата, условите во кои што ќе се одвива и се во таа смисла.

Сметам дека ваков минимум можности за одлучуваше на општината треба да и се даде и овие наши амандмани токму тоа го предлагаат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, г-дине министре, почитувани колеги, користам прилика по повод овој амандман уште еднаш да укажам на една работа за која се надевам дека ќе остане во историјата на нашето опсудување за овој закон дека при регулирање на материјата на локална самоуправа ние сме биле оптоварени со одре- дени прашања кои што не се, да кажам, од интерес на долгорочно разрешување на проблемите кои што се врзани за уредување на општествените односи на локално ниво.

Ние се уште и денес сме, при расправата, околу, еве да речеме, инфраструктурните услови, еве околу тоа што се треба да содржи компетенцијата ингерентна на општината, се уште во потсвеста носиме еден товар кој што не е врзан за интересите за граѓаните на локално ниво. Дури и речнички ние ги браниме некои наши тези дека кој ќе биде оштетен ако повеќе има ингеренции општината а кој помалку. По повод на тоа сакам да кажам дека амандманите што се однесуваат вклучувајќи го и овој на колегите пратеници кои што сакаат во општината сепак да има елементи на урбанистичка регулација, да има елементи на образование, да има елементи на кул- турата, јас тврдам дека животот не може да ги потврди така да кажам развластувањата односно ослободувањето на самите локални органи од овие животни области. Јас знам колку сме ние денес спремни и способни ментално да ги прифатиме овие работи но тврдам дека по усвојувањето на законот и по почетокот на функционирањето на локалната самоуправа ние ќе им се вратиме на овие проблеми и најверојатно многу поблиску ќе бидеме до ова што денес амандманите бараат. Јас не можам да замислам локална организација на живот со дел на власта инкорпорирана таму, а да нема кондиција како власт да ги регулира некои основни односи. Би било добро денес да можеме да навлеземе во ова нешто, но се плашам дека се уште не сме за тоа способни, но нека останат и амандманите и овие залагања како залог утре да бидеме поспособни побрзо да ги мениме овие работи, ако денес тоа не можеме иако би бил среќен да можеме тоа да го изгласаме.

Општина без способност да си ги регулира односите на живеењето, без способност да регулира културни и образовни односи, инфраструктурни односи таа не може да биде општина ниту локална самоуправа, а уште помалку може да стане збор за право на граѓаните

самостојно односно самоуправно да ги регулираат односите. Молам, бар нека остане тоа како залог за натаму.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 за додавање нови точки 2-а и 2-б на точка 3 и на точка 20 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за додавање две нови точки 2-а и 2-б и за додавање нова точка 20-а поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-дин Поповски. Член 18 точка 2-а и 2-б

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На членот 18 да се додадат две нови точки, 2-а и 2-6, за додавање нова точка 20-а од Комисијата за политички систем,

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 за додавање две нови точки 2-а и 2-6 и за додавање на нова точка 20-а, поднесен од Комисијата за политички систем.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за додавање нова точка 2-а поднесен од пратениците Љупчо Беличев, Благоја Сиљановски и Димитар Вревесовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? л г>

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Со деталните урбанистички планови и другата урбанистичка документација за населените места во локалните единици се уреду-

ваат прашања кои се од најнепосреден, највитален и најзначаен интерес за граѓаните кои живеат во локалната единица. Тоа се прашања од областа на сообраќајот, станувањето, комуналната инфраструктура. Значи прашања со кои се решаваат и личниот стандард на граѓанинот, преку становањето и индивидуална станбена изградба и општествениот стандард преку изградба на одредени објекти кои служат за задоволување на општите и јавните потреби на граѓаните. Ако е тоа така, значи ако се решаваат прашања кои се од непосреден интерес на граѓаните и се од битно значење за неговото секојдневно живеење, со цел за задоволување на нивните потреби во местото каде што живеат, тогаш мислам дека треба да биде прашање на кое граѓаните во локалните единици треба сами да одлучуваат во поглед на уредувањето на прашањето од оваа област.

Доколку интенцијата овде на документарецот е да се обезбедува одреден надзор на државата во поглед на одредени искористувања на доносителот на урбанистичката документација т.е. советот на локалните единици во однос на доредена манипулација во поглед на содржините на планот. Тој надзор е обезбеден на три начина:

Прво со Законот за урбанистичко и просторно планирање стои обврска деталните урбанистички планови и другата урбанистичка документација, а овде се мисли на планот за реализација, мора да бидат во согласност со новиот урбанистички план. Значи се прифаќа основниот урбанистички план да биде урбанистички документ кој донесувањето од советот на локалната единица би било условено со согласност на надлежното министерство односно надлежниот орган на државната управа, бидејќи со него се концепциски планира и се уредува просторот. Нормално од треба да биде во согласност со просторниот план на Републиката, просторниот план на регионот или просторен план на

општината. Значи ако имаме обврска за согласност на деталниот урбанистички план со основниот, тогаш нема смисла, нема оправданост оваа согласност.

Ако во член 58, јас би го прочитал став 1 кој вели: Во овој Предлог закон за локална самоуправа стои односно се вели дека актите на советот на единиците на локалната самоуправа кои се донесени во рамките на самостојната надлежност на единиците на локалната самоуправа, значи овде спаѓа и деталниот урбанистички план, ако се усвои амандманот подлежат под контрола односно надзор на уставноста и законитоста преку Уставниот суд на РМ. Еве уште една контрола. Значи исто така надлежен орган може да ја поведе таа постапка.

Ако се работи за повреда на одредено право на граѓанинот или група на граѓани или одредена населба во градот односно општината, повторно имаат право како и сите други акти на советот на општината да бидат напаѓани пред Уставен суд. Значи се работи за некое право, некој го зема и си го сам дава за да може, не знам, некоја надлежност , или да биде оној кој ќе биде прашање. Ако заклучиме дека се работи за остварување на правата и уредување на положбата на граѓаните во соодветната локална единица, не постојат и нема простор за засегнување на одредени државни интереси за државата да може преку таа согласност да интервенира. Доколку и тоа се случи, реков преку Законот за урбанистичко и просторно планирање, постојниот закон и преку член 68, дури и член 69 и член 7 0 каде што зборува за штета, ова право на надзор државата го има. Од овие причини предлагам и барам колегите пратеници да го поддржат овој амандман.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (33)

Ја молам службата да не информира колку пратеници се присутни во салата.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата бидејќи не може да се гласа без кворум.

Бидејќи немаме кворум ги молам координаторите на пратеничките групи да обезбедат присуство на пратениците, а ќе продолжиме со работа во 14,30 часот.

По паузата седницата започна во 14,45 часот.

Констатирам дека имаме кворум и можеме да работиме.

Бидејќи при гласањето по амандманот на член 18 став 1, за додавање нова точка 2-а, поднесен од пратениците Љупчо Беличев,

Благоја Сињановски и Димитар Вревезовски немавме кворум, јас сум должен да Ве известам дека гласањето мораме да го повториме.

Бидејќи расправата ја завршивме амандманот повторно го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (36)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18.

Има збор г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето барам поддршка од 10 пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи г-динот Даневски има поддршка од 10 пратеници, го молам секретарот да излезе на говорница и да изврши поединечно гласање.

(Секретарот на Собранието врши прозивка за гласање.

IV/5.-

# С П И С О К

**на пратеници во Објагнето на Република Македонија, според азбучен ред на презимиња:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРЕГА | за |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | не е тука |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | против |
| 8. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | за |
| 9. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | воздржан |
| 10. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | не е тука |
| 11. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | не е тука |
| 12. СЛОБОДАН БОГДАНСВСКИ | против |
| 13. ИВАН БОЈКОВ | не е тука |
| 14. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | воздржан |
| 15. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | против |
| 16. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | за |
| 17. КИРЕ ВИДИМЧЕ | не е тука |
| 18. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | за |
| 19. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 20. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | воздржан |
| 21. ТУШЕ ГОШЕВ | не е тука |
| 22. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | не е тука |
| 23. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | за |
| 25. ЛАЗАР ДИМОВ | не е тука |
| 26. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | против |
| 27. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | |

IV/6.-

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСЛВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | против |
| 31. АЛЕКСЛНДАР ИВАНОВСКИ | против |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 33. МИТКО ИЛИЕЈВСКИ | |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОНСКИ | не е тука |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | за |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | не е тука |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | не е тука |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | не е тука |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | против |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | за |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | за |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | не е тука |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | воздржан |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | против |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | за |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | за |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | против |
| 51. РИСТО МАСЕВ | не е тука |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | не е тука |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | не е тука |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | воздржан |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | не е тука |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | не е тука |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | против |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | против |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | против |

IV/7.-

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | против |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | за |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | за |
| 70. РУФИ ОСМАНИ | за |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | воздржан |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | не е тука |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | против |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 77. КИРО ПОПОВСКИ | не е тука |
| 78. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 79. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | воздржан |
| 80. Н1ТКОЛА Р. ПОПОВСКИ | воздржан |
| 81. АБДУРАУФ ПРУСИ | не е тука |
| 82. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 83. САЛИ РАМАДАНИ | за |
| 84. ХИСЕН РАМАДАНИ | за |
| 85. МИТКО РИСТЕВСКИ | против |
| 86. НАНО РУЖИН | не е тука |
| 87. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | за |
| 88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 89. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | за |
| 90. КИРИЛ СПАСОВСКИ | против |
| 91. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | не е тука |
| 92. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | воздржан |
| 93. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 94. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | против |
| 95. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 96. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | воздржан |

IV/8.-

| | |
|---|---|
| 97. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 98. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | не е тука |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | за |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМИЏИОВСКИ | за |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈКОВ | воздржан |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | воздржан |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | за |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | против |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 109. РАМИ ТУДА | за |
| 100. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | против |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | не е тука |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | не е тука |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | не е тука |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 116. СЛНДЕ ЏЛМБАЗОВСКИ | не е тука |
| 117. АРБЕН ЏАФЕРИ | не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | за |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | за |

пн

IV/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Гласале 72 пратеника. 34 пратеници гласале за. 22 пратеника гласале против. 16 пратеника воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 за додавање на нова точка 2-а, поднесен од пратениците Љупчо Беличев, Благоја Сиљановски и Димитар Вревезовски.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за додавање нова точка 2-б, поднесен од пратениците Љупчо Беличев, Благоја Сиљановски и Димитар Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Љупчо Беличев.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Господине потрептседателе, господа пратеници, мислам дека вчера во консултациите имавме изјаснување од министерот дека се прифаќа, веројатно нешто друго, но јас имам обврска во интерес на информирањето и во интерес на изнесување на аргументите за амандманот да го дадам следното образложение.

Она што го зборував за деталниот урбанистички план, многу повеќе се однесува и држи образложението дека е локална работа и нема полокална работа да се донесе програма за уредување на градежно земјиште од страна на Советот на локалната единица, без согласност од надлежне орган на државната управа.

Со Програмата за уредување на градежното земјиште се решаваат оние најважни, највитални прашања што би испаднало сувишно да зборуваме дека секојдневното живеење на граѓаните, доколку ја нема таа програма за уредување на градежното земјиште или доколку истата зависи од друг орган, а не е оставено на нив самостојно да одлучуваат, би се намалила или воопшто не би имало локална самоуправа или права на граѓаните односно на тој совет за нешто да расправаат. Ако за нешто имаат право да расправаат и одлучуваат, најинокосно, најизворно тоа е во врска со програмата за уредување на градежното земјиште. Кој може нам да ни каже како да го уредуваме дворот и со кој пари и дали да го уредуваме?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, не дофрлувајте од место.

**ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ:**

Средства потребни за реализација на програмата за уредување на градежното земјиште се средства собрани од надоместокот на граѓаните

што го плаќаат за градежно уредување на земјиштето. Потоа средства што се прибираат од месен самопридонес, значи со лично изјаснување на граѓаните на одредена намена, средства здружени од граѓаните од одредена средина, локација или маало или улица. За таа намена. Средства од Буџетот, до колку ги има повеќе од она што се други обврски на Буџетот. Тие средства се собрани и се со единствена цел да се решат одредени проблеми на градот, на одреден локалитет....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, министерот Поповски бара збор.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Јас морам да се извинам, јас мислев дека точката 2 треба да се брише а не точката 2-6. Тоа беше точката 2 поврзана со точка 1 и логично беше од претходните два амандмани на Беличев да биде и второто одбиено.

Овој амандман, односно точката 2-6 ја прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одиме натаму.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за додавање 4 нови точки по точката 2 поднесен од пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа односно точките што се предложени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, имајќи предвид дека еден голем дел на пратениците сигурен сум дека не ги прочитале сите амандмани што се поднесени, ниту овие, сигурен сум дека заради некои објаснувања и заради тоа што мислам дека и министерот, гледам толку има точки, јас мислам дека во суштина треба овие работи вака да се земат. Немам ништо против дека не се прифаќаат овие, туку во интерес на локалните самоуправи само да ги наведам на кратко што сакаме со овие предложени точки да кажеме.

Во членот 18 ставот 1, после точката 2 се додаваат овие нови предложени точки:

"Да се донесува генерален урбанистички план". Јас мислам дека никој не е против да се донесе еден генерален урбанистички план.

"Да се донесат детални урбанистички планови и да се достави урбанистичка документација". Мислам дека и во овој контекст не би имал никој против да се донесе ако сакаме да биде една локална самоуправа со сите тие уреди кон кои ние инсистираме да биде нашиот иден град, иден план и тн.

"Да се основаат и финансираат изградба опремување и одржување на установи од областа на предучилишно воспитание и образование, култура, спортот, социјалната и детска заштита, основната здравствена заштита, заштита на животните и растенијата, заштита и унапредување

на животната средина, како и во други области од значење од интересите на граѓаните на нивото што обезбедува државата". И по ова мислам дека образложението стои.

Предложените дополненија претставуваат изворни надлежности на единиците на локалната самоуправа утврдени во член 115 став 1 од Уставот на РМ, а во став 2 на член 115 е утврдена состојбата на општината во вршење на надлежностите утврдени со Уставот, па како такви припаѓаат во исклучива надлежност на единиците на локалната самоуправа.

Од ова произлегува дека со ниту еден акт не може да се ограничат изворите на надлежностите на единицата на локалната самоуправа. После ова, јас мислам дека во овој случај не се работи за заеднички или делегирани надлежности, туку за изворни надлежности на единицата на локалната самоуправа, што се гарантирани со член 4 точка 1 и 2 и нормално и од Европската повелба за локална самоуправа.

Од сето ова изнесено произлегува дека за овие надлежности нема потреба од никаква согласност од органите на државната управа, согласност од органите на државната управа може да се предвиди само за доверените работи од надлежност на органите на државата и управата што е предвидено, нормално, во член 4 и 5 од истата Повелба што е поднесена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14 пратеници)

V/5

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 за додавање 4 нови точки по точката 2, поднесен до пратениците Зекир Кадриу и Рами Туда.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 точка 14 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Аце Коцевски, Владимир Соколовски, Димитар Поповски и Владимир Станковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Шапуриќ има збор.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Ова е еден од ретките амандмани што е обратен. Многумина други амандмани бараат повеќе надлежности. Овој одбива од проста причина што општините односно единиците на локалната самоуправа не може да уредуваат регулација и одржување на реките во согласност со закон, овде е додадено особено во населени места каде тоа би требало да биде обврска на државата. И во овие услови вакви средства да се обезбедат тоа е претежок товар би битл за единиците на локалната самоуправа, од една страна.

Од друга страна водените токови водат низ повеќе општини така што целосно таа регулација би требало да биде, а во смисла на тоа и забелешка од Водостопанството на Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (37 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 точка 14 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Аце Коцевски, Владимир Соколовски, Димитар Поповски и Владимир Станковски.

Отворам претрес по амандманот на член 18 за бришење на точка 16 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Мерсел Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 за бришење на точката 16 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Мерсел Биљали.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за менување на точка 18 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Би сакал да појаснам, бидејќи амандманот е прифатлив но не во оваа формулација како е напишана.

Новината е "во согласност со закон", но во оригиналниот текст "информативни гласила" стои, а тука стои "јавно гласило". Се плашам дека поимот јавно гласило не е доволно јасен. Изразен е со нејасен поим и плус е во еднина. Создава заблуда околу тоа што е јавно гласило и второ создава забуна дали има право само едно.

Од тие причини, ако е можно процедурално....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само предлагачот може да го преформулира амандманот подоцна.

Има збор г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи овој амандман ќе биде од тие ретки амандмани што ќе бидат прифатени, така барем рече министерот, како ќе рече министерот така ќе го направиме амандманот,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, значи тоа е техничка исправка на формулацијата на амандманот, а констатираме дека амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за бришење на точката 19 поднесен од Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа, ова право е признато и по законот за основното образование.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 за бришење на точката 19 поднесен од Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 точката 19 и 20 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Збор има г-дин Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Сметав дека да не е некој случаен пропуст од техничка природа, бидејќи мојата определба за поголема автономија на општините, па тука најдов некои недостатоци, некои контрадикторности. Не само што се

работи до точка 19, туку нарочно во точка 20, кога веќе имаат можност општините да даваат иницијативи, предлози за развојната мрежа за основното или укинување на училиштата од основното образование, зошто таа иницијатива да не биде и за средното и за високото образование. Барем иницијатива нека биде, како единица на локалната самоуправа.

Второ, денеска ние високи школи имаме во Скопје, Битола, па еве и во Тетово, еден ден ќе имаме и во Штип, Универзитет, а во моето Кичево, кое е, како што знаете, центар на јужно - западниот дел на Македонија. Значи, само една запирка и ништо не пречи. Мислев дека е случаен пропуст и затоа би требало посебна точка 20. Акцентирам посебно би требало да се прифати. А, точката 19 оставам на министерот како ќе рече.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 точка 19 и 20 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 18 точка 20 поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа членот 18 точка 20 регулира посебна надлежност, а тоа што се предлага во овој амандман е содржано во член 19, во една од

точките, во многу почиста надлежност ан општините.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18'точка 20, поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за додавање нова точка 28 по точката 27, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

За овој амандман постои одредба во законот некаде подоцна и затоа нема потреба да се оптоварува членот 18.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 18 став 1 за додавање нова точка 28 по точката 27, поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 19 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Исмет Рамадани, Џеладин Мурати, Зекир Кадриу и Рами Туда.

Пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1 за бришење на точката 2 поднесен од пратениците Љупчо Беличев, Благоја Силјановски и Димитар Вревезовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој) Го повлекувате (добро)

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1, за бришење на точка 3 поднесен од пратениците Љупчо Беличев, Благоја Силјановски Димитрија Вревезовски.

**ВЈТАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нова точка 5 поднесен од пратениците Мерсел Биљаљи, и Абдулади Вејсели.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Кој е за молам да крене рака? 14 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19 за додавање нова точка 5 поднесен од пратениците Мерсел Биљаљи и Абдулади Вејсели.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нов став 2 по ставот 1,поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Слободан Даневски, Аце Коцевски, Владимир Соколов,Димитар Поповски и Владимир Станковски.

VI/2.-

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

15 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20 став 1 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Отворам претрес на амандманот на член 22 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Ване Наумовски. Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 2 поднесен од пратениците - Џеладин Вејсели и Мерсел Билаљи.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

VI/3.-

Кој е за молам да крене рака?

10 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 став 2 поднесен од пратениците Џеладин Вејсели и Мерсел Билаљи.

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 4 поднесен од пратеникот Киро Видимче.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 став 4 поднесен од пратеникот Киро Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 25 став 1 поднесен од пратеникот Киро Видимче.

VI/4.-

Отворам претрес по амандманот на член 28 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Најверојатно определбата на Владата била со помал број на членови да се обезбеди порационално и поевтино работење на советите, но во случаите кога се задржуваат општини со огромен број на жители и над 100 илјади жители, сметам дека бројката што е определена како максимална до 25000 нема да може да обезбеди претставување на сите заинтересирани групации во определените општини. Од таа причина и се предлага оваа измена, и сега забележав дека е испуштено да се замени и бројот 25 со 35, на крајот, при чукањето. Во секој случај сметам дека за да се обезбеди поефикасна застапеност на интересите на сите граѓани во општините, имајќи ја предвид концепцијата на задржување на големи општини, сметам дека овој амандман би придонел да се застапат поефикасно интересите на сите граѓани во општината.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи повеќе никој н е бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? 19 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

VI/5.-

Отворам претрес по амандманот на член 28 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 за бришење на алинејата 5 поднесен од Комисијата за меѓунационални односи.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 8 став 1 за бришење на алинејата 5 поднесен од Комисијата за меѓунационални односи.

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1, поднесен од Комисијата за политички систем.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

VI/6.-

Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 поднесен од prтениците Зоран Шапуриќ, Ацо Коцевски, и Слободан Најдовски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, амандманот што го предложивме троицата пратеници нема за цел да ја играме онаа игра тиквата ми роди три, а зашто три а не бидат пет, или 7 тикви, туку од една друга причина што навистина, барем од она што имаше почеток на предлогот на законот во првата верзија што ја добивме, јас и моите колеги што го предложивме овој амандман не успеавме да добиеме од Владата објаснување од кои принципи тргнува при определувањето на бројот на членовите на Советот во единиците на локалната самоуправа. Ако добро погледнеме од првата верзија, онаа званична верзија, во однос на оваа што денес ја имаме за расправа и на која ги поднесуваме амандманите и овој пречистен текст кој што завчера го Добивме, ќе видиме дека Владата односно надлежниот ресор ги зголемил од првата верзија по два или по три, независно од кој принцип не тргнеле. Со оглед на тоа што навистина не е јасно од кој принцип се тргнува во одредувањето на бројот на членовите, го поднесовме овој амандман, тргнувајќи од еден аспект што направив- ме некоја анализа ние троицата, што работевме на овој амандман дека со бројот на членови на Советот што ние го предлагаме сметаме да се обезбеди по рамноправна и адекватна застапеност на граѓаните во единицата на локалната самоуправа. Ако добро се анализира ќе видиме дека за одредени совети на локални единици на самоуправата каде што бројот на жители е помал, тогаш доаѓа на 500 или 600 граѓанин да имаат свој застапник во

советот на единицата на локалната самоуправа, додека во општините односно локалните единици каде што бројот на жителите е многу поголем, ќе дојдеме до ситуација на 400 0 жители да имаме еден претставник во советот на локалната единица. Сметам дека овој амандман би требало да го прифатиме од аспект на тоа што е од интерес на граѓаните во одредена единица на локална самоуправа. Морам да кажам уште еднаш и со тоа ќе завршам дека посебно во општините кои не се така густо населени а имаат големо територијално подрачје ќе се доведеме во ситуација голем број од интересите на граѓаните да не бидат застапени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Шапуриќ

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Јас само сакам да го надополнам претходниот пратеник - дискутант дека ова се предлага и една од причините рековме е на пример во градот Скопје, доколку не се прифати и изгласа овој амандман ќе имаме една многу апсурдна ситуација. Ќе имаме 32 пратеника а многу помалку одборници односно членови на советот. Тоа би била една многу голема нелогичност. Од друга страна, пак ќе повторам што кажав , доколку со изборниот закон прифатиме мнозински принцип, изборната единица во градот Скопје за советот на град Скопје, ќе биде многу поголема од пратеничката. Би дошло некаде на околу 40-50 илјади жители во градот Скопје, да имаат еден одборник односно член на совет што е нелогично. Во прилог на ова можам да наведам и некои примери бидејќи често се споредуваме со западна Европа на пример градот Дрезден со околу 600 илјади жители има 70 членови на советот, градот Ротердам приближно исто бројка на жители како и градот Скопје, има 70 членови на советот, како и многу други градови. Така оваа бројка е дадена дури и нарочно

ја смаливме како што рече и колегата Најдовски за да ги одоброволиме предлагачите да го прифатат, меѓутоа еве како што гледаме не се прифаќа амандманот. Уште еднаш ќе напоменам дека доколку амандманот не се изгласа ќе имаме навистина, посебно во Скопје и некои други општини многу апсурдна ситуација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, веднаш на почетокот да кажам дека не прифаќам општина што има многу жители, така да лично не сум засегнат ниту како пратеник дека овој број ќе ме засегнува. Меѓутоа реално гледано, мислам дека амандманот треба да се поддржи. Причините ги наведоа предлагачите, а јас ќе кажам уште нешто. Тоа е дека се очекува нова територијална поделба. Некои заговараа и тоа дека со новата територијална поделба можеме да кажеме за Скопје ќе има повеќе општини и некои други поголеми општини. Точно е. Меѓутоа, едно друго прашање, по се изгледа, дека предлагачот и оние кои заговараат нови општини недоволно го имаат проучено. Прашањето е во следното. Народот вели: дали млада или голема невеста, стројниците исто ги бара. Ако е така, тогаш мислам дек а ќе треба многу големо влијание да му посветиме на ова прашање од причини што не ќе можеме насекаде да формираме нови општини заради тоа што таа општина ги бара и сите други работи кои барем со минимум мора да ги има. Дали ние во денешна ситуација кога во сите поголеми организации било јавни или други, мора да направиме под притисок на оние кои што не финансираат, не поддржуваат економски, да направиме резови или да ги намалиме бројките. Дали сме свесни и дали сме во состојба ние со формирањето на нови општини да направиме таква работа и да го издржиме тој товар.

VI/9.-

Сигурно дека не ќе бидеме во состојба. Јас тврдам и одговарам за тоа дека не ќе бидеме во состојба тоа да го направиме. Ние не можеме овие општини да ги из држиме, а не да формираме и нови. Част и чест таму каде има можности и каде што има поголема оправданост, не сум затоа дека не треба да се формираат нови, меѓутоа тоа сигурно не ќе биде и не ќе мора така брзо, но од овие причини мислам дека амандманот многу многу држи. Затоа мислам ако г-дата од Владата министерот, односно двајцата министри сега по ова прашање не успеале точно да се издоговараат на ниво на Влада, предлагам бидејќи денеска и така не ќе може овој закон да мине според моја проценка и не ќе биде завршен, тогаш Владата уште еднаш нека го разгледа и конкретно нека се произнесе по ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Добро, јас не знам дека нема што многу да се додава зашто тројца дискутанти се искажаа во корист на овој амандман и јас се согласувам да се гласа за овој амандман, односно мислам дека би било добро Владата да го прифати. Аргументите се кажани, а јас би додал само едно мое мислење< дека амандманот како што е формулиран би бил во функција на развој на демократијата, во развој на плурализмот, повеќепартизмот во Македонија дополнително во однос на она што е предложено во законот и мислам дека се уште сме во фаза што ќе и годи на државата повеќекратно еден плуралистички демократ- ски развој кој ќе се огледува и во можноста да се избираат поголем број на кандидати на одборници на советите итн. Инаку ги поддржувам и овие аргументи кои беа изнесени и кои можат да бидат спорни, без разлика што ќе донесеме и нов закон за Скопје, што ќе се случи во Скопје, за што во Скопје се случува да има еден непријатен баланс во однос на пратениците и

одборниците во Градското собрание, каде што некаде и скоро да се поклопуваат изборните единици и мислам дека би било згодно да се прифати овој амандман, особено што не мислам дека во значајна мерка ја нарушува некоја замислена структура и концепција на овој дел од законот што организацијата на органите на единиците на локалната самоуправа.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Моите претходни колеги до прилика го прифаќаат овој амандман, но јас имам сосема спротивно размислување во однос на овој амандман. Пак почнувам со она што значи локална самоуправа, што значи Собрание, што значи општествено - политичка заедница. Како да робуваме на оној систем дека треба да имаме големо Собра- ние, повеќе собори, повеќе одборници, делегати и ми се чини дека на тој начин можеме ако имаме голем квантитет можеме да обезбедиме некоја мобилност во разрешување на проблемите. Дури ова решение Владата што го нуди во законот мислам дека не е во функција на локалната самоуправа. Тоа е скапо. За една локална самоуправа која размислуваме дека треба да брои од 10 иљјади жители, а ние да правиме еден совет, јас разликувам што е Собрание што е Совет, Советот повеќе го гледам на еден мобилен орган повеќестручен орган кој треба да разрешува одредени проблеми во таа локална заедница, од аспект на здравство, социјала, економија, а на градоначалникот му даваме големи ингеренции да ги расчистува проблемите. Во таа смисла се залагам да биде многу помал број на советот да не робуваме дека ќе направиме 100 делегати, а дека ќе имаме многу поквалитетна работа. Не. Само ги задоволуваме техничките аспекти дека Бранко Арсовски од улица таа и таа треба да биде делегиран во Советот и не знам што ќе придонесе. Бранко Арсовски ги претставува петте улици, десетте улици јас мислам дека може на некој начин да одговори. Затоа јас не го прифаќам овој амандман дури сметам дека и решението на Владата не е најсоодветно и не е во функција на локалната самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Амандманот го поддржувам и барам од другите пратеници на ова амандманско барање што го имаат поднесено господата да се посвети посериозно внимание. Евентуално, другите територијални поделби на општините дел во Струга, Тетово, Гостивар,па може и во некои други места ќе бидат политички општини, па затоа сериозноста на амандманот поднесен од господата бара да се поддржи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И јас го поддржувам амандманот, навистина не ми се убедливи аргументите кои одат против усвојување на ваков амандман од многу причини. Ние воведуваме систем на градоначалник што значи целата извршна власт ќе се концентрира во еден човек кој, нормално, ќе има своја инфраструктура преку која ќе ги остварува надлежностите и обврските кои, согласно законот, ќе му припаѓаат и од друга страна имаме совет кој, според предлогот што е даден во законот, по бројот на членовите е доста стеснет. Не држат аргументите дека тоа скапо ќе не чини и не ќе можеме да го издржиме од причини што таа функција ќе биде волонтерска односно нема да се плаќа односно нема да бидат во работен однос членовите на Советот дури не се знае судбината на претседателот на Советот, а камо ли на членовите. Тоа е прво.

Второ, сметам дека не држат аргументите во смисла на бројот на членовите визави големината на единиците на локалната самоуправа зашто според концептот на законот импликациите не се издејствува големината на општините дури според критериумите кои за жал и по амандманската интервенција не беа прифатени според постапката која се предвидува и критериумите дури се сомневам дека ќе дојдеме до

такви општини за кои разговараше претходниот дискутант. Од тие причини сметам дека бројките кои се дадени во законот треба, неминовно да претрпат измени дури сметам амандманот предложен од господата Шапуриќ, Коцевски и Најдовски е подобро решение од она што ние го понудивме како амандман што беше пред малку неприфатен од страна на пратениците и предлагачот на Законот.

Сметам дека оваа функција на Советот која ќе биде во поголем обем како законодавна, се разбира, во услови на локална самоуправа и која ќе биде функција непрофесионално обавена, а треба да се засили со поголем број на членови зашто сметам дека непосредното избирање на тие членови од Советот ќе може да воспостави еден поголем баласт помеѓу двете власти едните и другите односно извршната и законодавната и да им се овозможи на едно поголемо непосредно претставување на граѓаните во овој дом односно во Советот на општината.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Најдовски

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас се пријавив за дискусија веднаш по дискусијата на г-динот Арсовски така што г-динот Зибери изнесе дел од она што сакав да реагирам на дискусијата на г-динот Арсовски, бидејќи беше доста контрадикторна.

Прво, не држи аргументирањето дека амандманот кој ние го предлагаме фактички ќе ги зголеми финансиските издатоци во единиците на локалната самоуправа. Бидејќи г-динот Зибери рече дека се работи за Совет каде членовите ќе бидат, барем јас сум убеден, волонтерски.

Втора работа што ние ја забораваме и на вчерашната расправа и денеска лебди меѓу нас и ние многу ја спомнуваме таа нова територијална поделба, јас како пратеник овде само од она слушам и што можеме да насетиме што се пишува во весниците, а тој што ја има замислено и што ја знае таа територијална поделба можеби молчи за тоа,-

Трета работа што сакам да кажам уште една аргументација која не држи во изнесената дискусија против нашиот амандман е следната. Суштината на секој избран претставник на граѓанинот е да задоволува одредени негови интереси односно да изнесува негови одредени интереси. Ако е суштината на тој избран било член на Советот или пратеник кој е овде во оваа единица се прашувам дали нема да постигнеме поголем квалитет во задоволување на тие интереси ако на помал број граѓани имаме застапници во Советот. Со ова мора да ја расчистиме и втората работа дека органите кои г-динот Арсовски ги на-веде еве нека има органи за социјална заштита и не знам кои други, тие органи се сосема различни од органите кои се предлагаат овде во Законот за локалната самоуправа и сметам дека е"евтин блеф" на некого да му се вели дека се залагаме за поевтина управа ако ги споменуваме органите за социјална заштита и не знам што. Тоа е сосема различна тематика и сметам дека аргументите кои ги изнесовте г-дине Арсовски одат во прилог на поддршка на нашиот амандман.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас разбирам, меѓутоа, ниту сум контрадикторен во мојата дискусија, ако ме разбравте, бидејќи мојата дискусија имаше еден континуитет и сам себе не се коригирам во тоа затоа не сум контрадикторен, туку она што го мислам јавно го кажувам заради тоа што кога зборувам за членот 115 од Уставот она што значи овластување на локалната самоуправа преку социјала, здравство не значи дека јас ги

преземам одредени надлежности на одредени ресорни министерства, па ги пренесувам во рамките на локалната самоуправа, туку само една корелација меѓу тие органи на локална самоуправа и она што значи повисоката власт околу разрешување на одредени проблеми. Тука немам никаква дилема дека јас ќе бидам член на Совет и ќе бидам поставен да ги работам работите за таа и таа работа. Исклучиво се залагам ако имам една локална самоуправа таа ја гледам ако имаме 10 илјади жители односно дури практичноста на предлогот на вашиот амандман и на решението на Владата нема врска. Зошто? Јас не очекувам дека ќе имаме локална самоуправа со 100 илјади жители. Тоа е апсурд, тоа е последниот став дека ќе имаме 39 членови на Советот. Тоа значи дека сегашните собранија на општините бирани од самите одборници. Во таа смисла се залагам нели е тоа интерес некој да го претставува еден, да кажам, одборник, еден член на Совет ако застапува неколку улици, неколку месни заедници. Ние да му веруваме, па и јас сега како пратеник претставувам 39 изборни места во Република Македонија. Можеби ќе треба сега на секое место да бираме по еден пратеник, па да создадеме овде еден голем парламент. Ако се сеќавате ние се залагавме при утврдување на Уставот да се намали бројот на пратениците од 120 на 80 заради рационалност економичноста, а сега се залагаме една локална самоуправа, јас не ја потценувам локалната самоуправа, туку ја сфаќам во права суштина дека таа треба да има многу помал број на членови на Советот за да биде поекономична и рационална во своето делување. Ќе ви кажам, дека ќе се родат апетитите некои членови на Советот да бидат платени како што сега одборниците пројавуваат желба ама јас сакам да имам поголема дневница, јас сакам да имам поголеми привилегии итн. Се плашам дека сепак таа локална самоуправа не ќе може финансиски тоа да го поткрепи заради тоа што да опслужуваш 40 треба поголема служба во таа смисла. Тоа е мојот аргумент, а не значи дека и твојот аргумент не значи дека е

корисен. Меѓутоа, само го дадов мојот предлог и не значи дека сум ги убедил моите колеги пратеници, јас кажувам, а моето излегување овде е само тоа да го кажам моето мислење, да ме сослушаат моите колеги а ако ме прифатат значи ме прифатиле, ако не ме прифатиле значи не го прифатиле моето размислување. Тука е квалитетот на своето дејствување така да не одиме во критика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Амандманот за мене е неприфатлив и не секогаш повеќе луѓе завршуваат многу работи. Ако се изберат прави и квалитетни луѓе лично мислам дека можат да работат многу поуспешно. Погледнете во салата колку не има, а сме избрани 120 и колку учествуваат во работата. Можеби сме оптоварени со територијалната поделба за која треба да се донесе закон и можеби требаше да оди порано и моите заложби се законот за територијалната поделба да биде донесе пред локалните избори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Таири

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Бидејќи моите аргументи беа отфрлени многу лесно, јас ќе се обидам да надополнам со уште нешто и ќе се обидам да ве убедам сите вас дека овој амандман од тројцата мои колеги пратеници треба да се прифати.

Во членот 34 се говори односно се третира прашањето на работата на Советот и таму се вели дека Советот може да работи ако има мнозинство од пратениците што значи ако има мнозинство од 25 односно

13 члена на Советот, Советот може да работи. Советот може да носи одлуки со 7 члена. Замислете ситуација каде овие членови одлучуваат за прашања кои тангираат пошироко подрачје и да наиде на отпор кај поголем дел од граѓаните кои не се претставени поради малиот број на членови на Советот. Поради тоа сметам дека овој амандман треба да се прифати и да се овозможи посоодветно презентирање на интересите на сите граѓани со зголемување на бројот на членовите на Советот.

Инаку, што се однесува до компарацијата што се прави помеѓу пратеник и член на Советот, сметам дека тука не може да се направи таква компарација, бидејќи не е соодветна. Пратеникот има друга задача додека членот на Советот си има задача да се грижи, да спроведува одлуки кои се од интерес од локално значење на граѓаните. Во прилог на тоа јас предлагам и мислам дека треба да се поддржи овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Илијевски.

**МИТКО ИЛИЈЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас мислев дека овој член нема да биде толку спорен колку што се јавивме и стојам на становиште дека не го поддржувам овој амандман од прости причини што мислам дека бројката на членовите на Советот задоволува и пред се треба да поведеме едно мислење за ефикасно работеше на нашата идна локална власт. Мислам ако народот му даде доверба на градоначалникот треба да му даде и одредена власт и сигурно да бара голема одговорност од него.

Мислам дека бројките што ги имавме во минатиот систем само го отежнуваше работењето на моменталните собранија и јас мислам дека една од тежините или неодржувањето на голем број седници на собранијата беше токму од причина од големиот број одборници кои не дојдоа до некои квалитетни решенија или подобро работење на општинските собранија. Јас мислам дека квалитетот на Советите ќе значи подобро вршење и донесување на поквалитетни и сигурно едно поекономично и поефикасно работење. Затоа се изјаснувам дека ќе гласам против.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Само сакам на г-динот Илијевски да му реплицирам што значи тоа дека немаме доволно квалитетни луѓе во Република Македонија да кандидираме за одборници? Тоа значи неговата дискусија. Ние имаме доволно луѓе да кандидираме. Тоа е една работа.

Втора работа во минатиот систем постоеја три собори, беа 250 до 300 одборника, се намалува бројката, не е иста бројка и не е умесна компарацијата помеѓу бројот на минатиот систем и ова што се предлага во амандманот.

**МИТКО ИЛИЈЕВСКИ:**

Јас се извинувам можеби колегата Шапуриќ не ме разбрал добро, не реков дека во Македонија немаме квалитетни луѓе. Мислев дека мал број на квалитетни луѓе ќе ја завршат работата колку голем број. Мислам дека кворумот во одредени случаеви во работењето на овие собранија или идни совети значи многу и сигурно идејата на предлагачот на законот била дека треба да одиме кон ефикасно работење, а не кон

создавање на голем број кој ѕ или доведување до нефункционирање на идните совети.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Еве јас кратко, мислам дека непотребно манипулираме со поимот поекономично, порационално или нешто друго. Зошто? Од причини што овој амандман предлага зголемување само за четири во алинеја 2 и во алинеја 3 само за пет дополнителни одборници.

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

И ве молам проблемот на нефункционалноста на е во зголемувањето за четири или петмина, туку е во поимот имунитет што и тие одборниците ќе го имаат. Значи, гласачите ќе немаат право како што немаат право и за нас пратениците да покренат иницијатива за отповикување за оние што не ја вршат должноста. Јас мислам дека непотребно овде се замараме дека вака ќе заште-име којзнае колку пари и во којзнае каков обем на пари. За четворица или петмина сигурно нема да се оптовари локалниот буџет на единицата на локалната самоуправа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

26 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 став 1 поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски и Слободан Најдовски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 8 став 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор

Господин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Тука не се работи веќе за членовите на Советот од албанската народност, туку за цела Македонија, па ве молам најсериозно овој член 29, став 3 внимателно да се прочита. "Членот на Советот не може да биде отповикуван". Го молам и претставникот на Владата министерот за правда исто така да го прочита уште еднаш. Ние знаеме дека во Уставот, знаете вие кои што сте биле во минатиот состав на овој Парламент, значи знаеме дека пратениците не одговараат, нема; веќе отповикување, тие се за четири години тата-мата. Меѓутоа, истото кое е сосем погрешно кога ќе биде после на дневен ред изменување на Уставот, јас ќе го бранам со сите сили, иако сум денес тука пратеник, значи пратениците, не се отповикуваат. Тука е во нашата можност, замислете цела Македонија е во нашите раце. Тоа е друга работа како ние работиме. Ве молам, ние знаеме какви се денешните одборници кои ќе бидат на власта и овие советници на Советот на овие единици на локалната самоуправа, како работат. Значи, работа или не е се исто. Друго е тоа што ќе го дадеш за кривично и злоупотреба на службата итн. Јас сметам дека тука е многу сериозна работа и членовите на советот треба да се отповикуваат. Тука јас имам едно кратко образложение, а за ова би требало сигурно едно предавање, можеби не сте го прочитале. Значи, ова се предлага за да имаат нормална контрола граѓаните на членовите на Советот за поефикасна работа и со тоа се избегнува евентуалната злоупотреба на службената должност. Тоа во иднина би требало да се измени и за пратениците, нашите пратеници во самиот Устав, затоа што се знае како ја вршат својата пратеничка должност.

Повторно го молам министерот за правда нека го отповика својот предлог, односно не прифаќање, нека биде толку фер.Ова е многу важно

за Македонија. Затоа што ние тука сме тие кои што ќе вршат контрола на тие членови на Советот со еден глас односно да се прифати едногласно. Во спротивно би била голема грешка и би се обрукал овој Парламент. Иако е седница можеби да не е пропуст онаа негација не,можеби е техничка грешка, но не за мене значи многу. Јас сум многу голем алтроиста, голем демократ итн, ова не е нешто вред, граѓаните сакаат да одговараат своите избраници, било да се пратеници, а во овој случај што се однесува до советот, значи до нашите идни советници, односно како што се денеска овие наши одборници кои вршат лакрдија на теренот, и знаеме како се работи за четири години, па сега пет, па шест и изгледа ќе имаат мандат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Сигурно господинот министер немаше време, бидејќи сметам дека е врсен теоретичар за да може малку, барем со неколку реченици да ни ја објасни оваа појдовна основа за тоа што значи мандат кој се ревокира и не се ревокира односно кој не се изменува. Јас во јавните расправи уште кога беше за Уставот не бев пратеник бев за тоа да се задржи институцијата променливост на пратеникот односно негова отповикливост за време на траење на мандатот, доколку настапат услови нарочно во вршење на работите за кој што бирачите имаат многу забелешки. И сега тоа мислење го делам и сметам дека оваа сала не би изгледала многу често вака ако тој институт би постоел. Мислам дека човекот треба постојано да се стави во позиција  на одговорност. Штом

од тоа се ослободи неговата совест е постојано под некој притисок на една лежерност која може да дојде до неодговорност. Од таа гледна точка, тргнувајќи предлагам сепак да се прифати овој амандман и да биде тоа и еден показ за работата на советите, бидејќи и сега сите општини имаат проблеми со кворуми со работа. Да не зборам за нас, а веројатно би било упатно и за самите нас. Можеби при првата измена, јас верувам дека ќе настапи таква измена во Уставот тогаш ние не би имале никаков основ тоа и за пратениците да не го усвоиме како принцип.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Министерот Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Еве кратко, во граѓанските демократии на ниво на Парланент не постои институтот отповик, на ниво на совети или локална заедница не е вообичаено. Некаде постои, но не претежнува. Карактерот на мандатот е слободен, не е императивен или врзан, што значи дека правилата на игра подразбираат граѓаните да ја одмерат својата доверба во однос на личноста во процесот на изборите и гласањето и таа доверба натаму функционира како слободен мандат изразување на ставовите на односната личност како член на Советот односно пратеник. Санкционирано е во секој случај недоаѓањето и неработата, но тоа е санкционирано со деловник за работата на Собранието односно статут. На пример, било она недоаѓање шест месеци или една година итн. но за ставови. Доколку тие не се ставови го прават негоден, на пример да го нарушува јавниот морал или да прави кривично дело, што е исто така се санкционира по други основи, но за други ставови дали застапува едни или други интереси, на некоја група тоа ми се чини упатно или не, нема место да се одговара особено во услови на политички плурализам.

VIII/5

Практично се смета дека тој институт на отповик може да даде многу повеќе, штета да направи отколку да донесе корист поради тоа што постои повеќепартиски систем на состав на Парламентот и на советите и може многу лесно поради таа партиска структуираност да се повлече, да кажеме потреба, особено ако е пропорционален, што значи целата локална заедница да гласа како една избирачка единица, тогаш да се повлече постапка за отповикување на еден пратеник, па ако се отповика тој секогаш е пратеник на некоја партија, па тогаш таа партија во своите приврзеници да покрене постапка за отповикување на пратеник од друга партија и тоа да нема крај, односно да создаде една основа на постојани расправи, наместо за работа.

Граѓаните доколку станува збор за пратеник што е акти- вен што има; свои мислења, ако не се согласуваат, ќе го санкционираат наредниот пат, односно и граѓаните мора да ја носат цената на својот избор во рамките на јасно дефинираниот мандат од четири години, кој што е дефиниран во правилата и се знае однапред, дава доверба за четири години. Тоа би биле малку и теоретски и практични причини што се предлага ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Па третиот Рамадани ќе се сложи со образложението на господинот министер. Зошто? Затоа што кога беше донесуван тука Уставот на Република Македонија јас бев од тие кои барав да има член за отповикување, односно одредба за отповикување на пратеникот. Тогаш не помина тоа, а денеска некако не ми оди да барам отповикување на членот на тој совет, на таа единица на локална самоуправа, затоа што ете од морални причини можеби и немам право.

Второто образложение ми е тоа што ние секогаш господа, одиме со претпоставка дека на листата на кандидатите на членови на тој совет одиме со претпоставка, ќе бидат луѓе авторитетни и ценети во таа средина. И не мора да се отповикуваат, туку ако граѓаните, од еден број на тие граѓани не сака тој да ги брани нивните интереси, тие јавно ќе кажат, ќе се собираат и ако тој може понатаму да биде член на тој совет, меѓутоа, граѓаните ќе се соберат и ќе кажат ние не сакаме тој да ги брани нашите интереси и едноставно за него веќе нема место. Тој може да си оди сам, односно да се повлекува. Иако ние пратениците уште никој не направи севте да го прави тоа да се повлекува но сепак тоа е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот, но пред да поминеме на гласање, молам за бројот на присутните пратеници во салата. (Се врши пребројување на пратениците)

Кој е за амандманот, молам да крене рака?

8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 29 став 3, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1, точка 3 поднесен од пратеникот Ване Наумовски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Се повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 точка 4, поднесен од пратениците Зеќир Кадриу и Рами Туда.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се усвојува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член? 30 став. 1 точка 4 поднесен од пратениците Зеќир Кадриу и Рами Туда

Отворам претрес по амандманот на член 31, став 1 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дади некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

0 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 31 став 1 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 1 и 2 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа. Напросто да објаснам исти се, по основниот текст

веќе е зголемен тој број на денови на 30.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Точно дека е зголемен, но делот во кој што се свикуваат самите членови на Советот е предвиден да се направи веднаш следниот ден откако ќе настанат ситуации кога ќе се констатира дека не се состанува Советот. Сметам дека веднаш наредниот ден е многу бргу и тоа физички и фактички нем оже да се изведе. Предлогот е во смисла на тоа да има седум дена можност за да се направи тоа, да се свикаат да се повикаат членовите на Советот. Вака како што е дадено веднаш триесеттиот ден се констатира тоа и наредниот ден веќе треба да се состанат. Мислам дека тука треба да се направи оваа измена и да се овозможи дефакто да има време да се организира седницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 31 став 1 и 2 поднесен од пртениците Мевљан Таири, Исмет Рамадани, Насер Зибери и Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 31, став 1, 33  став 1, 34 став 3, член 41 став 1, 2, член 42, 43, 44, член 48 став 2, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ, Аце Коцевски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Не се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас би го замолил министерот да биде љубезен и да објасни кои се аргументите поради кои предлага наместо вообичаениот и одомаќинет термин во нашата пракса претседател на совет, да се употребува терминот претседавач на советот, затоа што според согледувањата на нас тројцата предлагачи од Либералната партија сметаме дека самиот термин претседавач прво асоцира на нешто што е за еднократна употреба. Или претседавач на една седница или претседавач за, да речам, одреден период на време во случај доколку има некое колективно менување, да кажеме, што беше својствено во поранешниот систем на југословенската федерација каде што некои органи и тела беа составувани по федерален принцип со застапеност на претставници на сите републики и покраини или кога се работи за некои меѓународни организации и асоцијации каде што членуваат претставници од повеќе држави каде што е вообичаено на одреден период да се сменуваат претставниците.

IX/1 СЈ/ЛБ

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (продолжение)

По малку мене ме асоцира ова на едно минато време, на времето на колективно управување и раководење кога и сами видовме дека тој принцип не функционира и од тие причини беше напуштен.

Исто така можеби мотивот треба да се бара во тоа да самиот термин не асоцира на некаква конкуренција по моќност на градоначалникот а да му се остварат позициите. Јас во спротивно мислам дека и на самиот термин треба да се даде до значење затоа што според овој термин испаѓа дека овој човек треба да биде прв меѓу еднаквите. Јас се согласувам тој да биде прв меѓу еднаквите, меѓутоа барам и со самиот термин да се знае дека тој човек треба не само да биде обичен претседавач на седниците, туку и да сноси одредена одговорност за функционирањето и работата на Советот на локалната самоуправа.

Самиот термин вака како што е даден ми е неприфатлив па би го молел министерот да вложи аргументи посебно доколку ги има.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Имено, станува збор за јазично разграничување на овој поим претседавач од поимот претседател. Аргументацијата се поврзува со претседателот на општината формиран досега како поим во

нашата свест со оглед на неговата позиција и моќ што ја имал особено во општините кога беа општествено политички заедници. Во таа смисла тој претседател издвојувал посебни надлежности во однос на членовите на Собранието и бил во голема мерка носител и на определени и извршни надлежности или надлежности на претставување на општината во целина. Тој бил првата личност во овој систем, првата личност што ја претставува општината што е носител на комплетната одговорност, на одговорноста за извршувањето е градоначалникот и напросто е променет и системот и принципот.

Во навиките во смисла на конвенционалното значење на поимот претседател лежи навиката или сфаќањето кај нашите граѓани дека претседателот е тој кој што е лицето, местото и функцијата што е главна и кој што ги решава и индивидуалните прашања.

Поимот претседавач е поим кој воопшто не се поврзува со една седница или две седници туку мандатот му е јасно определен. Предложено е тоа да биде мандат од две години. Поимот претседавач укажува дека тој е прв меѓу еднаквите и дека наспроти градоначалникот претседавачот не е личност што има посебни овластувања туку е личност кој само во рамките на Советот има три точно такстативно наброени посебни надлежности, да раководи со седниците, да се грижи за организацијата и да ги потпишува одлуките на Советот. Што значи дека наспроти градоначалникот стои Советот како законодавно, легислативно условно легислативно тело.

Сметавме дека сосема јасно и чисто ќе се пребproди една ситуација на собранија и претседател со една ситуација на Совет и градоначалник а при поимот соодвествува на новата позиција. Тука меѓу едниот и другиот не се сака да се направи хиерархија, напросто да се направи разлика бидејќи тука нема принцип на врзана власт или единство на власта па некој е повисок, некој е понизок, туку напросто претседавачот припаѓа на тело кое што врши еден вид на власт во општината, легислативната а градоначалникот е орган кој што врши друг вид на власт, а тоа извршната. Да нема заблуди да се изрази разликата се предложи како што е во основниот текст.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Јас ја чув внимателно аргументацијата на г-дин Аце Коцев- ски и на г-динот министер, ми се чини дека аргументацијата на г-дин Аце е заснована и ќе се обидам сосема накратко зошто.

Ако повнимателно го слушавте излагањето на г-динот министер сигурно вие забележавте дека имаше тој доста проблеми околу акцентирањето на тој збор. Ниту еднаш точно не го акцентира. Постојано викаше претседавач, а никако претседавач. Гледате дека тој збор има нешто, некои проблеми околу неговата артикулација, не ,не сега ќе говорам сосема прецизно, тоа не е толку едноставно колку што изгледа на прв поглед, зборот навистина има лоша морфолошка слика и од таа гледна точка има секој човек кој сака да го изговори некои проблеми со самата артикулација. Но, тоа не е најголемиот проблем. Поголемиот проблем се состои во тоа што тој збор е заправо од онаа таканаречена фамилија номинаагентис т.е. таква именка во која глаголснииот дел многу јасно е насликан и пресликан и упатува на процес. Со други зборови институтот претседавач се дефинира од една функционална или функционалистичка гледна точка, а тоа значи дека моментално и тој е тој се додека ја врши таа функција. Мене воопшто не ми се чини терминот претседател лош затоа што се работи за чиста именка и не верувам дека нашите социјални структури не ќе прават брзо разлика меѓу претседател на еден таков институт и градоначалник од кога ќе се воведе таа функција во самата практика. Тогаш многу јасно ќе се прави разлика меѓу едното и другото и затоа мислам дека сепак треба да се прифати оваа разложна аргументација на г-динот Коцевски и со оглед на овие дополнителни објасненија кои ете, си зедов слобода да ги изложам тука пред вас.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Очигледно дека ниту претседавач, ниту претседател не ни треба, ќе искористам прилика затоа што имам таков амандманот па да рационализираме кога е ова во прашање.

Компетенциите подразбираат дека оваа личност треба да биде професионалец. Се спорам тука со колегите околу мене, ме разубедуваат, меѓутоа сметам дека нив ќе ги разубедам со следните мои аргументи. Да се свика седница треба да се контактира со служби, да се праќаат покани, да се организира седница, сето тоа подразбира професионализам. Се грижи за организација и работа на Советот. Таа грижа подразбира да се има таму некоја координација меѓу градоначалникот и сите оние административни службеници што се вработени во локалната самоуправа. Потпишува одлуки и акти на Советот, ги доставува, треба да се прогласат овие слично. Во условни на постои на постоење, драги колеги секретар на локална самоуправа кој што ќе биде професионалец, ја сметам потполно депласирана улогата на претседавач затоа што одиме на ефикасна локална самоуправа, одиме на она што би значело помалку бирократија, сето ова значи градоначалник< повторно да го подигнеме на некоја висина и да има некој кој што ќе претседава. Со овој дом претседава нашиот претседател Стојан Андов. Тој е тој и претседател на Собрание и тој претседава и го заменуваат почитуваните господа кога не е тука. Според тоа, зошто сега претседавач, и тоа на голема врата му даваме компетенции кои што сакале или не сакале ќе бидат во компетенциите на секретарот на локалната самоуправа и делумно се разбира и на градоначалникот.

Да заклучам имам доставено амандман, да ја отфрлиме оваа функција како непотребна, зборуваме за рационална самоуправа, зборуваме за волонтерско работење, на мала врата воведуваме една професионална функција, потполно депласирана, бирократизирана . Јас н верувам дека тој претседавач или претседател ќе има една минорна функција во единици на локална самоуправа. Самата негова позиција и самото негово име и презиме ќе значат сосема нешто друго.

Благодарам.

IX/4

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, мислам дека претходниот дискутант малку лево десно, напред назад. Што сакам да кажам. Она што вика дека се залагате вие за ефикасна локална самоуправа, да не се троши многу, на друг начин му давате тежина да биде претседател со канцеларии, со се. Ние рековме тој ќе биде, претседавачот ќе биде еден меѓу првите, еднаквите. Неговата функција е две години. И, сега што се спори. Бидејќи по една автономија луѓето во општините одат кај претседателот. И рековме дека не се прави овој закон да се дели функцијата на градоначалник и на претседавачот, туку да се работи тимски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Стојановски:

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во склоп на последново толкување, кој се компетенциите на секретарот на локалната самоуправа, ако овие му ги исклучиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, тоа е друг амандман.

Кој е за амандманот молам да крене рака?

21 пратеник гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 31 став 1 , 33 став 1, 34 став 3, 41 став 1 и 2, 42, 43, 44, 48 став 2, поднесен од пратениците Зоран Шапуриќ Аце Коцевски и Слободан Најдовски.

Предлагам за денес да завршиме, а за продолжението на седницава ќе бидете дополнително информирани, со една напомена кога ќе завршиме со овој закон ќе продолжиме со Предлогот на законот за високо образование.

(Седницата прекина со работа во 16,30 часот)